**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор**

# ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А
**за примање на донација од УНДП и за давање на трајно користење на движни ствари за опремување на лабораторија на ЈП депонија Дрисла - Скопје**

**Скопје, февруари 2023 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.05/02) и член 6 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (“Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), а во врска со член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21, 173/22), Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на _____ 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање на донација од УНДП и за давање на трајно користење на движни ствари за опремување на лабораторија на ЈП депонија Дрисла - Скопје**

Член 1

Со оваа Одлука Градот Скопје прима донација на движни ствари за опремување на лабораторија во рамките на проектот „БиоХакирај го мојот свет (BioHack My World)“ имплементиран од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), Меѓународниот детски фонд на Обединетите нации (УНИЦЕФ) и Град Скопје и тоа:

**Техничка спецификација на опрема за Лабораторија за биохакирање**

| Број | ВИД НА ОПРЕМА | | **Количина** |
|---|---|---|---|
| 1 | **Лабораториски ваги** | | 2 |
| 2 | **Мал мерач за pH вредност** | | 1 |
| 3 | **Магнетен топлотен мерач** | | 1 |
| 4 | **Термостатен миксер со водена бања** | | 1 |
| 5 | **Сад за загревање** | | 2 |
| 6 | **Фрижидери и замрзнувачи (или комбинирани)** | | 3 |
| 7 | **Микроцентрифуга** | | 4 |
| 8 | **Центрифуга со голема брзина** | | 1 |
| 9 | **Центрифуга со мала брзина** | | 1 |
| 10 | **Орбитен ротатор** | | 1 |
| 11 | **Миксер** | | 3 |
| 12 | **Анализатор на влажност** | | 1 |
| 13 | **Дехидрататор за храна** | | 1 |
| 14 | **Миксер-инкубатор** | | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 15 | **Електричен млин за мелење билки/зачини/јатки/житарки** | | 1 |
| 16 | **Преса за добивање масло од семки (контролор на температура)** | | 1 |
| 17 | **Лабораториски миксер со голема брзина** | | 1 |
| 18 | **Мала преса за производство на пелети од биоенергетски суровини** | | 1 |
| 19 | **Дестилер на есенцијални масла** | | 2 |
| 20 | **Дестилатор на пареа за есенцијални масла со лабораториска вага** | | 1 |
| 21 | **Soxhlet екстрактор (стаклен)** | | 1 |
| 22 | **Стаклени лабораториски шишиња** | | 60 |
| 23 | **Лабораториски садови со рамно дно** | | 15 |
| 24 | **Лабораториски цилиндри** | | 15 |
| 25 | **Шишиња Ерленмаер** | | 10 |
| 26 | **Шишиња Ерленмаер со стаклени капачиња 29/32** | | 10 |
| 27 | **Шишиња со заоблено дно и три грла** | | 4 |
| 28 | **Пипета** | | 20 |
| 29 | **Контролна пипета** | | 3 |
| 30 | **Рефлуксен кондензатор** | | 2 |
| 31 | **Инка** | | 9 |
| 32 | **Лабораториска апаратура за вакум филтрација и дестилација** | | 2 |
| 33 | **Лабараториски сталак** | | 2 |
| 34 | **Тест епрувети (микробиологија)** | | 100 |
| 35 | **Епрувети со капак** | | 1000 |
| 36 | **PCR епрувети** | | 1000 |
| 37 | **Real-time PCR епрувети** | | 1000 |
| 38 | **Епрувети со различен капацитет** | | 500 |
| 39 | **Сталажи** | | 30 |
| 40 | **Лабораториски пипети со различен капацитет** | | 1500 |
| 41 | **Петри садови** | | 250 |
| 42 | **Микробиолошки ези за еднократна употреба** | | 500 |
| 43 | **Сетови со пипети** | | 16 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 44 | **Сетови од пипети** | | 1 |
| 45 | **Сетови од пипети** | | 2 |
| 46 | **Кабинет за Биосигурност ниво 2** | | 1 |
| 47 | **Инкубатор со термостат** | | 2 |
| 48 | **Дигитален микроскоп со камера** | | 1 |
| 49 | **Стерилизатор** | | 1 |
| 50 | **Real-Time PCR термална центрифуга** | | 1 |
| 51 | **Вертикален електрофорезичен систем** | | 1 |
| 52 | **PCR кабинет** | | 1 |
| 53 | **Western blot machine** | | 1 |
| 54 | **Термомиксер** | | 1 |
| 55 | **NGS секвенционер** | | 1 |
| 56 | **Линеарен/Накосен миксер** | | 1 |
| 57 | **Флурометар или UV спектрофотомер за мерење на концентрација на DNA** | | 1 |
| 58 | **Хоризонтален електрофорезичен систем** | | 1 |
| 59 | **PCR терманел миксер** | | 1 |
| 60 | **Реагенси** | | 16 L |
| 61 | **Хемикалии** | | 2.5 kg + 1 L |
| 62 | **Реагенси за мануелна екстракција на DNA** | | 500 |
| 63 | **Топла полимераза + PCR микс од реагенси** | | 500 |
| 64 | **Општи микробиолошки медиуми + агар** | | 1 |
| 65 | **Молекуларни реагенси ddH20** | | 1 |
| 66 | **Таблети или прав од Агар** | | 100 |
| 67 | **Комплети за секвенционирање** | | 1 |
| 68 | **Садови за собирање на фрагментирани клетки** | | 2 |
| 69 | **DNA нишки** | | 1 |
| 70 | **Основни реагенси со должина 15-18 nt** | | 20 |
| 71 | **Реагенси за бактериска трансформација (за научни експерименти)** | | 1 |
| 72 | **CRISPR/Cas9 реагенси (за научни експерименти)** | | 1 |
| 73 | **Реагенси за демонстрација на експериментални системи без клетки (за научни експерименти)** | | 1 |
| 74 | **Реагенси за демонстрација на методи за детекција на познати генетски болести (за научни експерименти)** | | 1 |
| 75 | **Реагенси за пракса за користење пипети и демонстрација (за научни експерименти)** | | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 76 | **Реагенси за демонстрација и проучување на ефектите од температура на pH на DNA структурата (за научни експерименти)** | | 1 |
| 77 | **Реагенси за демонстрација и проучување на принципите за real-time PCR (за научни експерименти)** | | 1 |
| 78 | **Реагенси за демонстрација на методите за детекција на GMO (за научни експерименти)** | | 1 |
| 79 | **Реагенси за демонстрација на методите за детекција на патогени бактерии во храната (за научни експерименти)** | | 1 |

Член 2

Вкупната вредност на донацијата од член 1 на оваа Одлука изнесува 5.855.100,00 денари без ДДВ. Донаторот не е даночен оврзник.

Член 3

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Град Скопје да склучи договор за примање на донација со одговорното лице од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), со кој ќе се регулира намената и начинот на користење на донацијата.

Член 4

Движните ствари, наведени во член 1 на оваа Одлука, Град Скопје ги дава на трајно користење, без надомест на ЈП депонија Дрисла – Скопје, за опремување на лабораторија.

Член 5

Се задолжува ЈП депонија Дрисла - Скопје, средствата наведени во член 1 од оваа Одлука, да ги внесе во евиденција на претпријатието.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

**С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е**

Број _______

___________ 2023 година

С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**

**Трајко Славески**

**Образложение**

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр. 5/02), утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје. Во член 6, став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (“Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), дават ел на донација и спонзорство може да биде домашно и странско физичко и правно лице. Во член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), намената и начинот на користење на донациите се регулираат со договор меѓу донаторот и градоначалникот, за што претходно согласност дава советот на општината.

Во рамките на проектот „БиоХакирај го мојот свет (BioHack My World)“ имплементиран од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), Меѓународниот детски фонд на Обедибетите нации (УНИЦЕФ) и Град Скопје, за кој е потпишан и Меморандум за разбирање помеѓу овие три институции, е набавена опрема за опремување на „Лабораторија за биохакирање“. Опремата наменета за „Лабораторијата за биохакирање“ има за цел да овозможи иницијатива за биохакирање која ќе ги инспирира младите да се фокусираат на трансформацијата на био-отпадот и да создаваат нови и идни економски можности, вклучително и новоосновани бизниси, spin-off компании коишто ќе вработат висококвалификувана работна сила, особено млади и средношколци. Исто така, оваа лабораторија отвора можност во иднина да се изготвуваат соодветни едукативни програми за младите поврзани со трансформација на био-отпадот, нивно евентуално усогласување со националните наставни програми како и промовирање на инцијативата, особено во руралните делови на земјата. Град Скопје ја дава на трајно користење на ЈП „Депонија Дрисла“ - Скопје.

Вредноста на урбаната опрема изнесува 5.855,100 денари без ДДВ. Донаторот не е даночен обврзник. За реализирање на донацијата Градоначалникот на Град Скопје ќе склучи договор за примање на донација со одговорното лице од УНДП, со кој ќе се регулира намената и начинот на користење на донацијата.

Врз основа на предходно изнесеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за примање на донација од УНДП и за давање на трајно користење на движни ствари за опремување на лабораторија на ЈП депонија Дрисла – Скопје.